Архивски број: 08-267/3
02-12-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-267/1 од 3.3.2025 година поднесена од ---------, против Министерство за ---------, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Министерство за --------- кон --------- во областа на работата и работните односи.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-267/1 од 3.3.2025 година, од страна на --------- против Министерство за ---------, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Претставката е поднесена заради заштита на уставно загарантираните права на ---------. Подносителите наведуваат дека во минатото, пред 15-16 години, --------- имале многу помали права отколку сега и тогаш нивното незадоволство го искажувале со протести пред Владата. Како што наведуваат, тие протести биле долги и интензивни бидејќи --------- немале никакви права и иднина во --------- и во тој период протестите биле јавни и чести и траеле скоро две години во период од 2008 и 2009 година.

Дискриминацијата која ја пријавуваат во конкретниот случај произлегува од Договорот за продолжување на Договорот за работа на определено време на ---------, каде што во член 2, спротивно на член 21 од Уставот, се кршат граѓанските права на јавен протест.

Имено, во член 2 став 4 од Договорот е наведено дека секое изразување на незадоволство во форма на протест, лични јавни истапи преку кои се нарушува угледот на ---------, како и на други форми што се спротивни со закон и одредбите на овој доброволно потпишан договор, се смета за повреда на законот и овој договор и е основ за негово раскинување од страна на Министерството за ---------.

Подносителите сметаат дека ова претставува директна дискриминација врз секој --------- и закана за прекин на работниот однос, со што се кршат нивните граѓански права како граѓани на Република Северна Македонија. Потенцираат дека оваа одредба е додадена во договорите на определено време после протестите од 2008 и 2009 година, бидејќи до 2009 година немало таква одредба во договорите на ---------.

--------- согласно Законот за --------- се дел од ---------, во кој спаѓаат и ---------, кои се вработени на неопределено време, за разлика од --------- кои се на определено време. Последно, истакнуваат дека на ниеден договор на --------- вработени во Министерството за --------- ја нема таквата одредба.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази:</u>

- ---------.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 7.3.2025 година испрати Известување бр. 08-267/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за ---------.
По уредната достава и истек на законскиот рок, а до носењето на ова мислење, Министерството за --------- не достави свој одговор на претставката. Од тие причини, при носењето на предметното мислење Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги ценеше единствено наводите од претставката.

По увид во наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај **не се исполнети потребните елементи за постоење дискриминација** согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

Имено, еден од елементите на дискриминација е постоење на лице или група на лица во иста или слична ситуација, споредено со која на подносителите им е пружен понеповолен третман.
Во конкретниот случај, подносителите наведуваат дека договорната одредба со која им се ограничува правото на јавен протест е содржана единствено во нивните договори за работа, а истата ја нема во договорите на --------- вработени во Министерството за ---------. Сепак, Комисијата констатира дека овие категории не се наоѓаат во иста или слична ситуација, бидејќи статусот, правата и обврските и видот на договорот за работа (на неопределено време) на --------- се правно и фактички различни од оние на ---------. Исто така, ниту --------- во Министерството за --------- не се во слична ситуација, бидејќи тие не се дел од --------- и следствено на тоа не подлежат на истите правила.
Дополнително на ова, одредбата од член 2 став 4 и 5 на договорот за работа, односно договорот за продолжување на договорот за работа на ---------, важи еднакво за сите ---------, без оглед на нивните лични или групни карактеристики и не претставува мерка насочена кон одредена група или поединец врз основа на некоја заштитна карактеристика. Во таа насока, Комисијата утврди дека не постои дискриминаторска основа на која би можело да се заснова тврдењето за дискриминација, односно не постои заштитна карактеристика кај --------- која би довела до наводниот понеповолен третман.

Последно, Комисијата при носењето на ова мислење го ценеше фактот дека на --------- не им е целосно ограничена можноста на искажување незадоволство, од причина што во член 2 став 3 од договорот за продолжување на договорот за работа е наведено дека --------- се обврзува своето евентуално незадоволство да го изрази реализирајќи го правото на штрајк согласно Законот за ---------. Бидејќи договорот е доброволно склучен, --------- при неговото потпишување се согласил своето незадоволство да го изрази на начин пропишан со договорот.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- -------
- -------